АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-476/1
24-08-2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
AGJENCIA PËR SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Бр. / Nr. 01-3270/1
24-08 2023 год. / v
СКОПЈЕ / SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

склучен на 24-08 2023 година, помеѓу

1. КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ул. Даме Груев бр. 1, 1000 Скопје, застапувана од Исмаил Камбери, претседател (во понатамошниот текст - првиот потписник) и

2. АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38, 1000 Скопје, застапувана од д-р Зоран Трајчевски, директор (во понатамошниот текст – вториот потписник).

## Член 1 – ЦЕЛИ

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу страните - потписнички за работи од заеднички интерес што произлегува од потребата за развој и унапредување на партнерските односи на двете институции во рамките на:

- Заеднички активности насочени кон заштита и спречување дискриминација во програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на платформите за споделување видеа;
- Соработка при конкретни случаи на поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза во програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на платформите за споделување видеа;
- Соработка во поттикнувањето на медиумската писменост;
- Организирање заеднички активности како работилници, обуки, семинари, конференции, прес – конференции, кампањи од јавен интерес и сл.;
- Соработка на други конкретни проекти кои се во функција на заедничките интереси на двете институции; и
- Други форми на соработка кои двете институции заеднички ќе ги определат.

## Член 2 – ОБЛАСТИ НА СОРАБОТКА

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, а посебно внимание ќе им се даде на следните области на соработка:

1. Промовирање на слободата на изразување, унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација;

2. Заштита на интересите на корисниците на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, особено на малолетните лица;

3. Почитување на одредбите за посебни забрани и за почитување на начелата за вршење на дејноста од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација за почитување на принципот на еднаквост и забрана за дискриминација, од страна на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, медиумските работници и платформите за споделување видеа;

4. Размена на податоци при постапувањето во случаи на прекршување на забраните наведени во став 1 точка 3 од овој член од страна на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, медиумските работници и платформите за споделување видеа, односно во постапките за давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведувани од вториот потписник согласно законските надлежности и во постапките за медиумските работници спроведувани од првиот потписник во согласност со неговите законски надлежности;

5. Почитување на културните и религиозните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници;

6. Поттикнување на развојот на медиумската писменост во Република Северна Македонија преку членување во мрежа составена од релевантните чинители и преземање заеднички активности;

7. Размена на релевантни информации кои се од заеднички интерес;

8. Размена на анализи, истражувања, прирачници, брошури подготвени од двете страни – потписнички на Меморандумот, и нивно објавување преку интернет платформите (веб страниците) на двете потписнички заради обезбедување зголемена видливост и подобра информираност на јавноста;

9. Заедничко учество на стручни едукации, семинари, конференции, тркалезни маси и други настани поврзани со јакнење на капацитетите и квалитетот на услугите на двете институции, организирани на ниво на потписниците и/или на проширено ниво со останати субјекти во и вон Република Северна Македонија кои се од делокругот на работа и/или од интерес за потписниците;

10. Заеднички придонес за развој на соодветни програми во согласност со потребите на корисниците на услугите на двете институции, кои се потписници на Меморандумот;

11. Меѓусебна помош преку давање стручни совети по барање на едниот или другиот потписник на Меморандумот;

12. Размена на искуства, релевантни за полето на делување на двете страни - потписнички на Меморандумот;

13. Меѓусебно известување на двете страни - потписнички на Меморандумот, при креирање проекти кои се однесуваат на заедничките интереси, при планирањето на проектните активности или при евентуално идно аплицирање на заеднички проекти.

14. Страните потписнички на овој Меморандум се согласни дека во процесот на реализација на одредбите утврдени со истиот, доколку е потребно можат да вршат дополнувања или измени на истиот во насока на поголема ефикасност во реализација на заемно утврдените цели и преземени обврски.

**Член 3 – КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА**

Страните - потписнички на Меморандумот се обврзуваат дека транспарентно ќе ги изведуваат планираните активности вклучувајќи ги релевантните актери и ќе расправаат по прашања поврзани со остварување на целите наведени во член 1 од Меморандумот.

Потписниците на Меморандумот ќе именуваат лица за контакт задолжени за соработка со другата страна потписник на Меморандумот.

**Член 4 – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Меморандумот за соработка може да се раскине еднострано за што се известува другата страна потписничка најмалку во рок од 15 (петнаесет) дена пред раскинувањето на Меморандумот.

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето. За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

Меморандумот е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја страна - потписничка.

| **КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА** | **АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ** |
|---|---|
| **Исмаил Камбери** | **д-р Зоран Трајчевски** |
| **Претседател** | **Директор** |